КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-72/4
13.02.2021 год.
СКОПЈЕ



Врз основа на член 108, 109, 117, 118, 119 од Законот за градење, член 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 18 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст Комора), Собранието на Комората, на 13.2.2021 го донесе следното

# УПАТСТВО

за избор на претставници од одделенијата во Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, раководители и заменик раководители на професионалните одделенија во Комората, председавач и заменик председавач на Собранието на Комората и Претседател и членови на Надзорниот одбор на Комората

## Општи одредби

### Член 1

(1) Вкупниот број на претставници во Собранието на Комората на овластените архитекти и овластените инженери, согласно член 9 став 3 од Статутот на Комората е 75.

(2) Бројот на претставниците од одделенијата по региони се одредува со одлука од Управниот одбор, пропорционално на бројот на активни членови по одделение, во однос на вкупниот број на матични членови на Комората, пред секои одржани избори за претставници во Собранието на Комората.

(3) Секое одделение избира онолку претставници во Собранието на Комората колку што утврдил Управниот одбор, со одлуката од став 2 на овој член.

(4) Предлози за претставници во Собранието на Комората, раководител и заменик раководител на одделението, председавач и заменик председавач на Собранието на Комората и членови на Надзорниот одбор можат да бидат дадени исклучиво од листата на активни членови на Комората.

(5) Право на глас при изборот на претставници во Собранието на Комората, имаат исклучиво активни членови на Комората, кои се присутни на изборниот состанок на одделението.

(6) Член на Собранието на Комората и раководител на професионално одделение, може да биде само лице кое е матичен член во соодветното одделение.
При избор на членови во Собранието на Комората и раководител на професионално одделение, членот на Комората ги остварува своите гласачки права (кандидирање и гласање) само во своето матично одделение и нема право на глас односно кандидатура во одделение каде членува, а не е матичен член.

(7) Со цел да се обезбеди правична застапеност во Собранието на Комората, при изборот на претставници на одделенијата, треба, во рамките на возможното, да се имаат во предвид следните критериуми:

I. Правична територијална застапеност,
II. Правична национална застапеност,
III. Правична родова застапеност.
IV. Останати стручни и професионални критериуми.

(8) Изборите ги спроведува централна изборна комисија, составена од 5 члена од редовите на активните членови на Комората. Се препорачува членови на централната изборна комисија да бидат од редовите на 5-те професионални одделенија со најголем број матични членови. Собранието на Комората ги избира членовите на централната изборна комисија и избира Претседател на централната изборна комисија од редовите на избраните членови на комисијата. Членовите на централната изборна комисија не може да бидат кандидати за претседател, потпретседател на комората, претседавач или заменик претседавач на собранието на комората, раководител или заменик раководител на професионалните одделенија, кандидат за делегат во собранието на Комората во истиот изборен циклус за кој се избрани да бидат дел од централната изборна комисија.

(9) Членовите на централната изборна комисија се одговорни за
- обезбедување на изборна локација за регионот,
- за преглед на поднесените кандидатури од регионот,
- за доставениот изборниот материјал за регионот,
- за пребројувањето на гласовите од извршеното гласање, заедно со одделенските изборни комисии.
и за истото се поднесува завршен извештај до целата централната изборна комисија и до службите на Комората

(10) Изборите за одделенијата кои согласно одлуката од став 2 од овој член би имале само двајца или помалку претставници во Собранието на Комората, а во случај кога одредбите од ова упатство се неспроведливи поради малиот број на претставници во Собранието, се вршат согласно посебни интерно дефинирани правила за избор од самото одделение.

(11) Се препорачува помалите одделенија да имаат еден централен изборен состанок со пратена покана до сите активни членови на нивното одделение, каде би се избрале претставниците/претставникот во Собранието на Комората, раководителот и заменик раководителот на одделението и евентуални други предлози за централни изборни функции.

**Член 2**

Во рамките на секој изборен циклус за претставници во Собранието на Комората, задолжително се врши избор на претставници од сите професионални одделенија во Собранието на Комората, и избор на раководител и заменик раководител на професионалното одделение.

Изборниот процес се спроведува во 5 чекори:

- Чекор 1. Одлука за регионални изборни состаноци за претставници во Собранието на Комората и закажување на регионални изборни состаноци на одделението.
- Чекор 2. Кандидирање за претставници во Собранието на Комората од одделението
- Чекор 3. Избор на претставници од одделението, за Собранието на Комората.
- Чекор 4. Кандидирање и избор на раководител и заменик раководител на одделението. Кандидирање и избор на кандидат за председавач и заменик председавач на одделението, или членови на Надзорниот одбор ако одделението воопшто предлага вакви кандидати до Собранието на Комората.
- Чекор 5. Верифицирање на мандатите на претставниците во Собранието и кандидирање и избор на председавач и заменик председавач на Собранието на Комората

## Регионални изборни состаноци за претставници во Собранието на Комората

### Член 3

(1)Се препорачува одделенијата кои бројат повеќе од 8% од активното членство, да организираат регионални изборни состаноци за избор на претставници во Собранието на Комората, иако регионални изборни состаноци можат да одржат и останатите одделенија.

(2)Раководителот на одделението, врз основа на консултации со членовите на Собранието на Комората од соодветното одделение, одлучува дали ќе закаже регионални состаноци за избор на нови претставници во Собранието на Комората.

(3)Бројот на регионално избраните претставници во Собранието на Комората е пропорционален на бројот на активни матични членови од одделението од соодветниот регион, а изборот го вршат активните матични членови од регионот.

(4)Во случај кога се организираат регионални изборни состаноци, се следат сите одредби од ова упатство кои се во функција на ваквите регионални избори, а останатите специфики, вклучително и дефинирање на регионите за избор ги дефинира раководителот на одделението.

(5)Не се можни регионални избори за ниту една друга изборна позиција од ова упатство, освен за претставници во Собранието на Комората.

(6)Информација за изборот на претставници во Собранието заедно со формуларите за кандидирање и упатствата за избори се објавува на веб страната на Комората, а по можност и се доставува до сите

активни матични членови од одделението од регионот, по електронска пошта, на електронската пошта од системот на Комората.

(7)Сите членови кои имаат намера да присуствуваат на изборниот состанок, може да се пријават електронски пред закажаниот состанок, со цел да се обезбеди соодветен простор, материјали за состанокот, изврши проверка на членството во Комората и изготви листа за евиденција на сите присутни.

(8)Регионалните изборни состаноци се одржуваат најмалку 13 дена пред верификационото Собрание на Комората.

(9)Заедно со дневниот ред, во електронска форма се доставува и:

- Упатството за избор на претставници во Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, раководители и заменик раководители на професионалните одделенија во Собранието на Комората и председавач и заменик председавач на Собранието на Комората

- формулар за предлагање на членови во Собранието на Комората, согласно прилог број 1 од ова упатство.

- Листа на активни матични членови на Комората од соодветното одделение од регионот, од која треба да се врши номинацијата на претставници во Собранието.

- Составот на изборната комисија на одделението (ако е веќе оформена).

(10)Постојниот раководител на одделението задолжително назначува одделенска изборна комисија за избор на претставници во Собранието на Комората и другите функции од одделението, која се состои од онолку членови од одделението колку што има изборни региони, при што секој регион е претставен со по еден член во одделенската изборна комисија. На комисијата, по потреба и асистира еден администратор од стручната служба на Комората .

(11) Одделенската изборната комисија самостојно бира Претседател на изборната комисија. Изборната комисија на одделението ги донесува одлуките со мнозинство гласови од членовите на комисијата. Доколку бројот на членовите на изборната комисија е парен, поради парен број на изборни региони, бројот на членови во комисијата се зголемува за уште еден, од регионот со најголем број членови.

(12) Секој регионален претставник од одделенската изборна комисија е одговорен за административно спроведување на изборите за своето одделение во својот регион.

Регионалниот претставник од изборната комисија задолжително присуствува на регионалниот избор на делегат(и) од соодветното професионално одделение, а во пребројувањето на гласовите учествуваат уште најмалку двајца членови на комората.

## Кандидирање на претставници во Собранието на Комората

### Член 4

(1)Кандидатурите за претставници во Собранието на Комората од одделението се доставуваат од активните матични членови од соодветното одделение, согласно формулар број 1 во прилог на ова упатство.

(2)Кандидат за претставник во Собранието на Комората може да предложат најмалку 5 активни членови од одделението, на формулар број 1 од ова упатство. Член на одделението не може да предложи повеќе од еден делегат во Собранието на Комората.

(3)Предлозите за претставници во Собранието на Комората се доставуваат писмено или во скенирана форма по електронска пошта или друг утврден електронски процес, најмалку 10 дена пред закажаниот изборен состанок, освен во случајот предвиден во член 5, точка 3.3.

(4)Освен во случајот предвиден во член 5 точка 3.3 од ова упатство, задоцнетите кандидатури не се прифаќаат.

(5)Изборната комисија на одделението ги разгледува и одобрува кандидатурите за претставници во Собранието на Комората и составува финална листа на кандидати.

(6)Кандидатите за претставници кои не ги исполнуваат условите за да бидат претставници во Собранието на комората, за истото се известуваат по електронски пат од Претседателот на изборната комисија од одделението.

## Избор на регионални претставници од одделението во Собранието на Комората

### Член 5

(1)Раководителот, во негово отсуство заменик раководителот на одделението, или во нивно отсуство, лице назначено од членовите на одделението, го отвара и раководи со изборниот состанок и назначува записничар за состанокот. Ова лице е раководител на изборниот состанок.

(2)По усвојување на дневниот ред, раководителот на изборниот состанок ги запознава присутните со постапката за предлагање и избор на членови на Собранието како и за начинот на избор на претставници на одделението во телата и органите на Собранието.

(3)Членовите на изборната комисија од одделението го утврдуваат бројот на присутни членови на состанокот и бројот на пријавени кандидати за претставници во Собранието, по што се преоѓа на гласање од присутните членови на одделението.

3.1 Во случај кога бројот на предложени претставници **е идентичен** со бројот на претставници предвидени за самото одделение согласно член 1 став 3 од ова упатство, членовите на одделението гласаат јавно, заеднички за сите предложени кандидати. Изборот е извршен ако за предлогот гласале мнозинство од присутните членови на одделението.

3.2 Во случај кога до одделението биле доставени **повеќе предлози** за претставници од предвидениот број од член 1 став 2 и 3 од ова упатство, изборната комисија од одделението од член 3 став 10 или раководителот на состанокот може да предложат повлекување на одредени кандидати, со цел да се запазат критериумите од член 1 став 6 од ова Упатство, а одлуката за повлекување ја донесува исклучиво самиот кандидат за претставник во Собранието. Во случај кога бројот на предложени претставници остане поголем од бројот на утврдени претставници од член 1 став 2 од ова упатство, се гласа тајно за секој предлог кандидат поодделно, на следниот начин:

- На сите присутни им се дава гласачко ливче со сите кандидати, подредени по азбучен ред
- Сите присутни членови на одделението гласаат за онолку претставници во Собранието, согласно одлуката од член 1 став 2 од ова упатство. Присутните членови од одделението можат да гласаат и за помалку од предвидениот број на претставници од член 1 став 2 и 3 од ова упатство, но доколку гласаат за повеќе од овој предвиден број, гласачкото ливче е неважечко. Гласањето се врши согласно одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Комората.
- Изборната комисија, по завршеното гласање, ги пребројува гласовите и составува записник, по што, претседателот на изборната комисија ги соопштува имињата на претставниците со најголем број гласови и констатира дека тие се избрани за претставници во Собранието на Комората од соодветното одделение, чии мандати треба да се верифицираат на конститутивната седница на Собранието на Комората.

3.3 Во случај кога во рамките на одделението има **помалку предложени** претставници од утврдениот број од член 1 став 2 и 3 од ова упатство, предлог за дополнителни претставници, до бројот на предвидени претставници од член 1 став 2 и 3 од ова упатство, на самата изборна

седница дава раководителот на изборниот состанок или изборната комисија од одделението од член 3 став 10, водејки сметка за критериумите за избор од член 1 став 6 од ова упатство. Изборот се врши со јавно гласање за сите кандидати заеднички, ако за предлогот гласале мнозинство од присутните членови на одделението.

### Закажување на централен изборен состанок на одделението

### Член 6

(1)Сите професионални одделенија во Комората, преку раководителот или заменик раководителот на соодветното одделение, а во нивно отсуство или неактивност, преку Претседателот на Комората, задолжително закажуваат централен одделенски изборен состанок со избраните регионални претставици од одделението, со предлог дневен ред. Доколку претходно се организирани регионални состаноци за избор на претставници во Собранието на Комората, на централниот изборен состанок на одделението најпрво се соопштуваат изборните резултати од регионите, па потоа се пристапува кон останатите точки од днвниот ред.

(2)Доколку професионалното одделение не закаже централен изборен состанок на одделението согласно правилата на ова упатство и не достави уреден записник од состанокот до архивата на Комората, одлуките на одделението вклучително и предложените претставници за Собранието се неважечки и одделението нема да има нови претставници во Собранието на Комората се додека изборен состанок не се одржи.

(3)Терминот и дневниот ред се објавуваат на веб страницата на Комората.

### Кандидирање на раководител и заменик раководител на одделението

### Член 7

(1)Предлог за раководител на одделението, за одделенијата со повеќе од 8% матични членови од вкупниот број на активни членови во Комората, даваат најмалку 10 активни членови на Комората од соодветното одделение, најмалку 7 дена пред одржувањето на состанокот на одделението согласно распишаните избори, на формулар број 2 во прилог на ова упатство. Предлог за раководител за останатите (помали) одделенија во Комората даваат најмалку 3 активни членови од соодветното одделение, најмалку 7 дена пред одржувањето на состанокот на одделението на формулар број 3 во прилог на ова упатство.

(2) Еден член на одделението не може да предложи повеќе од еден кандидат за раководител на одделението.

(3) Кога професионалното одделение има претставници во Собранието на Комората, раководител и заменик раководител на одделението може да биде само лице од редот на избраните претставници/делегати во Собранието на Комората од соодветното одделение. Кога за раководител на одделението се избере веќе избран претставник во Собранието на Комората, раководителот на одделението, во консултација со членовите на одделението предлага друг претставник во Собранието од регионот од каде е избраниот раководител, а мандатот на истиот ќе се верификува на првата наредна седница на Собранието на Комората.

## Избор на раководител и заменик раководител на одделението

## Член 8

(1)Изборната комисија на одделението од член 4 став 8 од ова упатство ги разгледува предложените кандидатури и констатира дали предлозите се во согласност со условите за избор.

(2)Изборната комисија од одделението, со цел спроведување на член 109 став 5 од Законот за градење за правична застапеност на сите заедници во раководството на комората, и во согласност со утврдената ротациона шема за носители на изборни функции во Комората, доколку истата постои, може да предложи повлекување на еден или повеќе од предложените кандидати, а одлука за повлекување донесува исклучиво самиот кандидат за раководител на одделението.

(3)На секој од прифатените кандидати за раководител на одделение му се дава право на истиот изборен состанок да се обрати до присутните членови од одделението и да ја презентира својата кандидатура заедно со своја работна биографија и програма за работа.

(4)Изборот се врши со јавно гласање од избраните делегати/претставници во Собранието на Комората од одделението.

(5)Членовите на одделението гласаат за само еден од предложените кандидати за раководител. За избран раководител на одделението се смета оној кој добил мнозинство гласови од присутните претставници од одделението. Доколку ниту еден кандидат не добил мнозинство гласови од присутните, гласањето се повторува во втор круг каде се кандидираат само двајцата кандидати со најголем број гласови.

(6)Новозбраниот раководител, веднаш по неговиот избор, го дава предлогот за заменик раководител на одделението, во консултација со членовите на одделението.

(7)За заменик раководител на одделението се гласа со јавно гласање и за избран се смета оној кој добил мнозинство гласови од присутните делегати/претставници од одделението.

(8)Одделението, на предлог од новоизбраниот раководител на одделението избира одбор на одделението со мнозинство гласови од присутните претставници од одделението. Одборот брои најмалку 7 а најмногу

11 членови од избраните претставници, согласно член 118 (2) од Законот за градење и член 24 од Статутот на Комората.

**Кандидирање и избор на одделенски кандидат за председавач и заменик председавач на Собранието на Комората**

**Член 9**

(1)Согласно член 108 став 3 од Законот за градење, за председавач или заменик председавач на Собранието на Комората, може да биде предложено и избрано само лице кое е избрано да биде делегат/претставник во Собранието на Комората.

(2)Доколку, согласно одлуката за предлог ротационата шема за цикличност на носители на изборни функции во Комората, одделението одлучи да предложи председавач на Собранието на Комората од своите редови или Претседател и членови на Надзорниот одбор на Комората, предлозите ги дава новоизбраниот раководител или заменик раководител на одделението во консултација со членовите од одделението, а изборот се врши со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните делегати/претставници од одделението.

## СОБРАНИЕ НА КОМОРА

**Верифицирање на мандатите на претставниците во Собранието на Комората и избор на председавач и заменик председавач на Собранието на Комората**

**Член 10**

(1)Предлогот за верифицирање на мандатите на претставниците во Собранието на Комората и изборот на председавач и заменик председавач на Собранието на Комората го спроведува комисија за избор именувана од Собранието на Комората, а на предлог од Управниот одбор на Комората.

(2)Изборната комисија од став 1 од овој член ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови на комисијата.

(3)Собранието на Комората на својот конститутивен состанок, формано ги верифицира мандатите на новоизбраните претставници во Собранието на Комората, согласно избраните листи од професионалните одделенија и согласно Деловникот за работа на Собранието на Комората.

(4)Собранието на Комората, на својата конститутивна седница, не може да предлага измени во листата на претставници од професионалните одделенија, без соодветна одлука од самото професионално одделение.

(5) Изборната комисија од став 1 од овој член, со цел спроведување на член 109 став 5 од Законот за градење за правична застапеност на сите заедници во раководството на комората, и во согласност со неформално утврдената ротациона шема за носители на изборни функции во Комората (доколку истата е усвоена), може пред конститутивното Собрание на Комората или на самата седница на Собранието, да предложи повлекување на еден или повеќе од предложените кандидати за претседавач или заменик председавач на Собранието на Комората, а одлука за повлекувањето донесува исклучиво самиот кандидат за претседавач или заменик председавач на Собранието на Комората.

(6)Доколку има само еден кандидат за председавач и еден за заменик председавач на Собранието на Комората, претставниците во Собранието на Комората со јавно гласање го бираат председавачот и заменик председавачот. За избран се смета оној кој добил мнозинство гласови од присутните претставници во Собранието на Комората.

(7)Доколку има повеќе од еден кандидат за председавач и заменик председавач на Собранието на Комората, гласањето се врши тајно со гласачко ливче, а за избран се смета кандидатот што освоил мнозинство гласови од присутните претставници во Собранието на Комората. Доколку ниту еден кандидат не добил мнозинство гласови од присутните, гласањето се повторува во втор круг каде се гласа само за еден од двајцата кандидати со најголем број гласови од првиот круг, а гласањето се врши јавно и поименично, согласно Деловникот за работа на Собранието на Комората.

## Избор на Претседател и членови на Надзорниот одбор на Комората

## Член 11

(1) Собранието на Комората го врши изборот на членови на Надзорниот одбор на Комората со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието на Комората.

(2) Надзорниот одбор се состои од Претседател на Надзорниот одбор, заменик претседател на надзорниот одбор, два члена и нивни два заменика сите со мандат од 4 години.

(3) Надзорниот одбор може да донесува одлуки со присуство на најмалку тројца претставници, и тоа Претседателот или Заменик претседателот на Надзорниот одбор и двајца од останатите членови односно заменик членови на Надзорниот одбор.

(4) Надзорниот одбор работи согласно одредбите од Законот за градење и Статутот на Комората.

## Записник и жалбена постапка за изборите во одделенијата

### Член 12

(1) За работата на Изборниот состанок на одделението се води записник кој го потпишува записничарот и раководителот на изборниот состанок на одделението.

(2)Записникот од изборниот состанок на одделението писмено или преку електронска пошта се доставува до архивата на Комората и до присутните членови од одделението, во рок од 10 дена од денот на изборниот состанок.

(3)Жалба за изборниот процес во одделението се поднесува исклучиво до завршувањето на изборниот состанок. Жалбата се најавува јавно и усно, а се поднесува и писмен поднесок со кратко образложение за жалбата, кој задоложително вклучува објаснување која одредба од кој правен акт е повредена. Право на жалба имаат сите активни членови од одделението кои биле присутни на изборниот состанок.

(4)Жалбената постапка за избори во рамките на одделенијата ја води Комисијата од член 4 став 8 од ова упатство. Комисијата ги разрешува жалбените постапки во рамките на изборниот состанок, а во исклучителни ситуации комисијата може да побара подолг рок за донесување на решение, во кој случај се закажува нов состанок на одделението во рок од 7 дена од последниот одделенски состанок, кога и се соопштува решението по жалбената постапка.

## Жалбена постапка за изборот на председавач и заменик председавач на Собранието на Комората

### Член 13

(1)Жалбената постапка за избор на председавач, заменик председавач на Собранието на Комората и членови на Надзорнот одбор на Комората го врши изборната комисија од член 10 став 1 од ова упатство.

(2)Право на жалба за изборниот процес на председавач и заменик председавач на Собранието на Комората или членови на Надзорниот одбор имаат сите претставници на Комората кои биле присутни на изборниот состанок на Собранието, исклучиво до завршување на изборниот состанок. Жалбата се најавува јавно и усно, а се поднесува и писмен поднесок со кратко образложение за жалбата, кој задоложително вклучува објаснување која одредба од кој правен акт е повредена. Комисијата за жалби донесува одлука на самиот изборен состанок, а само во исклучителни ситуации, кога објективно не може да се донесе одлука во овој рок, рокот за одлука од комисијата се продолжува најмногу до 7 дена од приложената жалба.

## Преодни и завршни одредби

### Член 14

(1) Во случај кога од било кои причини не се избрани претставници од одредени одделенија во Собранието на Комората, раководител и заменик раководител на одделенијата, председавач или заменик председавач на Собранието на Комората или членови на Надзорниот одбор на Комората согласно одредбите од ова Упатство, на постојните носители на овие изборни позиции им продолжува мандатот до избор на нови.

(2) Новата постапка за избор на изборните позиции од ова упатство за кои не е извршен избор, се закажува најдоцна во рок од 6 месеци од последниот изборен состанок кога не е извршен изборот.

(3)Ова упатство влегува во сила на денот на негово усвојување од Собранието на Комората, и се објавува на веб страната на Комората.

(4)Со влегувањето во сила на ова упатство, престануваат да важат сите претходни одлуки и други акти кои ја регулирале материјата регулирана во ова упатство.

Скопје, 13.2.2021 година

Претседавач на Собранието на Комората

М-р Ива Џагора

Прилог / Формулар број 1

# ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСТАВНИК НА ОДДЕЛЕНИЕТО ВО СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

За кандидат за претставник од одделението за ______________________

во Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, го предлагаме овластениот инженер/архитект:

______________________________, ______________

(име и презиме) (овластување број)

од ______________ со ______________________________

(град) ( телефон и емаил)

Предлагачи:

| РБ | Име и презиме | Број на овластување | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1) | | | |
| 2) | | | |
| 3) | | | |
| 4) | | | |
| 5) | | | |

**Напомена:**

1. Право да бидат предложени имаат само активните матични членови на Комората од соодветното одделение. Предлагач е било кој активен носител на овластување од соодветното одделение (матичен или нематичен член).
2. Секој активен член на Комората има право да предложи САМО ЕДЕН претставник за Собранието на Комората за одделението каде членува.
3. Доколку има помалку од пет валидни предлагачи, предлогот е неважечки.

Датум на поднесување: ______________

Прилог / Формулар број 2

# ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТ
# ЗА РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОФЕСИОНАЛНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КОМОРАТА

(ЗА ГОЛЕМИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА СО НАД 8% ОД ВКУПНИОТ БРОЈ ЧЛЕНОВИ ВО КОМОРАТА)

За кандидат за раководител на професионалното одделението за ____________________
во Комората на овластени архитекти и овластени инженери, го предлагаме овластениот инженер/архитект:

________________________________________, __________________
(име и презиме) (овластување број)

од ____________________ со ______________________________________________
(град) ( телефон и емаил)

Предлагачи:

| РБ | Име и презиме | Број на овластување | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1) | | | |
| 2) | | | |
| 3) | | | |
| 4) | | | |
| 5) | | | |
| 6) | | | |
| 7) | | | |
| 8) | | | |
| 9) | | | |
| 10) | | | |

**Напомена:**

1.Право да бидат предложени имаат само активните матични членови на Комората од соодветното одделение.
Предлагач е било кој активен носител на овластување од соодветното одделение (матичен или нематичен член).
2.Секој активен член на Комората има право да предложи САМО ЕДЕН раководител за одделението каде членува.
3.Доколку има помалку од десет валидни предлагачи, предлогот е неважечки

__________________

Датум на поднесување:

Прилог / Формулар број 3

# ФОРМУЛАР ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТ ЗА РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОФЕСИОНАЛНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КОМОРАТА

(ЗА ПОМАЛИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА СО ПОД 8% ОД ВКУПНИОТ БРОЈ ЧЛЕНОВИ ВО КОМОРАТА)

За кандидат за раководител на професионалното одделението за ______________________
во Комората на овластени архитекти и овластени инженери, го предлагаме овластениот инженер/архитект:

________________________________________ , ____________________
(име и презиме) (овластување број)

од ____________________ со ________________________________________
(град) ( телефон и емаил)

Предлагачи:

| РБ | Име и презиме | Број на овластување | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1) | | | |
| 2) | | | |
| 3) | | | |

**Напомена:**

1.Право да бидат предложени имаат само активните матични членови на Комората од соодветното одделение. Предлагач е било кој активен носител на овластување од соодветното одделение (матичен или нематичен член)

2.Секој активен член на Комората има право да предложи САМО ЕДЕН раководител за одделението каде членува.

3.Доколку има помалку од три валидни предлагачи, предлогот е неважечки

Датум на поднесување: ______________